Напишано од Оливер Арсовски
Понеделник, 19 Септември 2011 18:32 - Последно освежено Среда, 21 Септември 2011 20:19

# Покана до граѓаните на Кратово за учество во втората форумска сесија од програмата „Форуми во заедницата“

**пишува - Оливер Арсовски**

Кратово е една од 12-те нови општини кои се избрани за учество во програмата „Форуми во заедницата“. Целта на програмата е да го поддржи партиципативниот развој на заедниците на локално ниво преку организирање на шест форумски сесии и последователно спроведување на проектите од форумските сесии.
Форумските сесии ќе се одвиваат во
периодот
септември
2011 – декември 2012,
а п
рограмата е финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а е раководена од Единицата за координација на форумите (ЕКФ) во соработка со Заедницата на единиците на локална самоуправа ЗЕЛС. За реализацијата на проектот кој ќе го одберат учесниците на форумот, нашата Општина обезбеди 2.400.000 денари, а со истата сума ќе партиципира и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Втората форумска сесија ќе се одржи на 20 септември, во холот на средното училиште „Митко Пенџуклиски“ во Кратово, со почеток во 13.00 часот.